Auswärtiges Amt

Институт за човекови права

# Оценка на јавното мислење и нивото на перцепција за сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за утврдување дискриминација

резултати од истражување

Ристо Карајков

Марија Димитровска

DeSo Development Solutions

Април 2019

## Содржина

1. Вовед ........................................................................................................................ 3
2. Методологија ............................................................................................................ 4
3. Резултати од анкета................................................................................................ 6
3.1 Перцепции во поглед на почитувањето на човековите права во земјата.............. 6
3.2 Перцепции и ставови во поглед на дискриминација на одредени општествени групи и ставови кон дискриминацијата по основ на сексуална ориентација....................10
3.3 Социјална дистанца, ставови за поведенија и учество во јавната сфера ............19
3.3.1. Ставови за хомосексуалноста ...................................................................27
4. Заклучок.....................................................................................................................31
Анекс 1: резултати од истражување ....................................... **Error! Bookmark not defined.** 34

# 1. Вовед

Слободата, еднаквоста и недискриминацијата претставуваат клучни аспекти на концептот за човековите права и основните слободи. Значаен предизвик на развојот на овој концепт врз основа на слободата, еднаквоста и недискриминацијата претставуваат ограничувањата кои немаат етичка основа, но се базирани на ограничувањата на моралот и традицијата. Во овој контекст, родовиот идентитет како концепција за сопствениот идентитет и интеракцијата со околината, покрај доминантните категории ги вклучува и лицата со различна сексуална и родова ориентација од доминантната - лезбејките, геј мажите, бисексуалните и трансродовите лица продолжуваат да се соочуваат со исклучување и дискриминација во повеќе форми што се рефлектира во сите сфери на нивното секојдневно живеење. Изгласувањето на измените во Законот за спречување и заштита од дискриминација ја воведоа и сексуалната ориентација на листата основи за потенцијално дискриминаторско однесување. Нашата земја е една од последните земји во регионот што ја додаде сексуалната ориентација како основа според која се забранува дискриминација. Сепак, ефективната имплементација на законската рамка подразбира ангажман не само на надлежните институции, туку и развивање на свеста и вклучување на повеќе засегнати страни, особено на граѓаните. Нивното вклучување, од друга страна, имплицира отсуство на предрасуди и дистанца кон овие групи.

Овој документ ги презентира резултатите од истражувањето на ставовите, перцепциите и постоењето на дискриминација кон лицата со различна сексуална и родова ориентација. Истражувањето е реализирано за потребите на проектот *Заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет*, кој го реализира Институтот за човекови права, а финансиски е поддржан од Германската амбасада во Скопје.

Целта на проектот е да придонесе кон акција за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и нејзино препознавање од страна на националните и локалните власти, правните професионалци и граѓаните, како и зголемување на толеранцијата и прифаќањето на припадниците на ЛГБТИ заедницата. За потребите на проектот се реализираат две анкетни истражувања, за оценка на јавното мислење и нивото на перцепција за сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за утврдување дискриминација. Овој истражувачки извештај е продуциран врз основа на резултатите од првото реализирано анкетно истражување. Во овој контекст, резултатите презентирани во рамки на овој извештај имаат за цел да ги утврдат основните аспекти на перцепциите за сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за утврдување дискриминација, кои подоцна ќе бидат предмет на компаративна анализа со резултатите добиени во рамки на второто истражување.

Истражувачкиот извештај е поделен на три дела. Во првиот дел е образложена истражувачката методологија. Во рамки на вториот дел презентирани се клучните наоди и резултати од реализираното истражување. Во посебно поглавје сумирани се главните заклучоци од истражувањето. Комплетните резултати по статистичката обработка на податоците се приложени во Анекс 1, на крајот од овој документ.

## 2. Методологија

Целта на истражувањето е да се направи оценка на јавното мислење и постоењето на перцепција за сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за утврдување дискриминација. Целите на истражувањето го наметнаа квантитативниот методолошки пристап – реализација на анкета, како најсоодветен за добивање на релевантните сознанија.

Во истражувањето учество зедоа 1017 жители на Република Северна Македонија. Истражувањето беше реализирано на стратификуван примерок, при што се настојуваше да се обезбеди адекватна застапеност според полот, возраста, нивото на образование, етничката припадност, типот на населено место и регионалната застапеност. Примерокот беше изработен според податоците од последниот реализиран попис на населението во 2002 година, како и врз основа на податоци за проекции на населението од страна на Државниот завод за статистика. Во истражувањето учествоземаа 516 (50,7%) жени и 501 (49,3%) мажи. Анкетирани беа граѓани на возраст над 18 години, а нивните одговори беа анализирани во контекст на четири возрасни групи (18-29 години, 30-44 години, 45-59 години и над 60 години возраст). Две третини од учесниците во истражувањето (676) живеат во град, додека една третина, или 341 учесник, живеат во рурални средини. Од аспект на етничката припадност со истражувањето беа опфатени 722 (71%) Македонци, 224 (22%) Албанци, 18 (1,8%) Турци, 23 (2,3%) Роми и 30 (2,9%) граѓани од друга етничка припадност. Според нивото на образование во истражувањето учество зедоа 194 (19,1%) учесници со основно или пониско (некомплетирано основно образование, без образование) образование, 556 (54,7%) со завршено средно или вишо образование и 267 (26,3%) со завршено високо образование.

Анкетното истражување се реализираше врз основа на истражувачки прашалник кој содржи 24 прашања од отворен и затворен тип, како и скали за мерење ставови. Со оглед на деликатноста на темата на истражувањето прашалникот беше дизајниран постепено да ги воведе учесниците во темата и да ги истражи подеднакво манифестните и латентните ставови на учесниците во поглед на алтернативните сексуални и родови ориентации. Дополнително, прашањата и формулацијата на клучните испитувани категории беа прилагодени на целната популација. Имајќи го предвид генерално ниското ниво на свесност и информираност за различните аспекти и манифестации на концептите сексуална ориентација и родов идентитет потврдено со повеќе студии, во рамки на прашалникот за утврдување на ставовите кон дискриминацијата на лицата со различна сексуална ориентација и родов идентитет беа наведени хомосексуалните и трансродовите лица, како поими кои се најчеста асоцијација на сексуалната и родовата „другост“ за учесниците. Во најголем дел од прашањата сексуалната ориентација беше користена како посредна категорија за утврдување на ставовите на учесниците кон широкиот спектар на манифестации на сексуалниот и родовиот идентитет. Следниве групи прашања беа вклучени во прашалникот:

- перцепции за почитувањето на човековите права во земјата – оваа група прашања се однесува на перцепциите на учесниците за генералното почитување на човековите права во земјата, довербата во институции кои имаат мандат да ги

штитат човековите права, како и нивните искуства во поглед на нарушувањето и процедурите за заштита на нивните права;

- перцепции за дискриминација и степен на информираност за измените во Законот за спречување и заштита од дискриминација – оваа група прашања има за цел да ги утврди перцепциите на учесниците во поглед на ризикот од дискриминација кај различни општествени групи (етнички заедници, жени, стари лица, лица со попреченост, лица со алтернативна сексуална или родова ориентација од општествено прифатливата), а со тоа и да ја стави дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет во контекст на други потенцијално ранливи категории. Со оваа група прашања исто така се настојува да се утврди информираноста и ставовите на учесниците во поглед на измените на Законот за заштита и спречување од дискриминација, каде е вклучена и сексуалната ориентација како основа за дискриминација.
- личен однос кон лица со хомосексуална ориентација – во рамки на оваа група прашања се утврдува каков е односот на учесниците кон лицата со хомосексуална ориентација и дали и до кој степен тие ги прифаќаат во нивните животи (дали постои лична нетрпеливост кон хомосексуалци, дали познаваат хомосексуални лица, дали ги прифаќаат како пријатели или колеги на работно место). Реалните ставови на испитаниците доаѓаат до израз на прашањата дали познаваат лица со хомосексуална ориентација, дали имаат пријатели со хомосексуална ориентација, и дали би работеле со лица со хомосексуална ориентација. Овие прашања се директни; испитаниците ги доживуваат лично и одговорите на овие прашања се подиректни, во споредба со одговорите на општите прашања, како што е прашањето дали испитаникот се согласува со забраната на дискриминација по основ на сексуална ориентација.
- ставови кон поведенија / форми на учество на хомосексуалните лица во јавната сфера. Станува збор за група на прашања каде се испитува отвореноста на учесниците кон различни форми на однесување на хомосексуалните лица во јавна сфера (држење за рака, бакнување во јавност) како и извршување на одредени општествени функции (политички ангажман, работа како лекари, наставници, работа со деца). Преку овие прашања дополнително се „тестира“ постоењето на предрасуди во поглед на хомосексуалноста (хомосексуалноста е „заразна“, болест или пореметување) како и оправданоста на одредени форми на манифестација на нетрпеливост кон хомосексуалните лица – од исмејување и осуда, до напади.

Анкетата беше реализирана по телефонски пат во текот на месец април 2019 година. Добиените податоци беа статистички обработени, при што покрај општите дистрибуции, обработката и анализата на податоците вклучуваше и утврдување на потенцијални разлики во одговорите на учесниците според полот, возраста, видот на населено место, регионот на живеење, етничката припадност и нивото на образование.

Добиените резултати и констатации се презентирани во поглавјето што следува. Овде визуелно се презентирани и дел од резултатите добиени во процесот на статистичка обработка. Целосните резултати се презентирани во анекс приложен на крајот од трудот. Сумарните заклучоци се презентирани во посебно поглавје.

# 3. Резултати од анкета

## 3.1 Перцепции во поглед на почитувањето на човековите права во земјата

Првиот блок прашања имаше за цел да ги воведе учесниците во темата на истражување на посреден начин, преку утврдување на нивните ставови во контекст на почитувањето на човековите права општо и довербата во релевантни институции со мандат да ги штитат човековите права.

Во овој контекст првото прашање се однесуваше на оценката на учесниците за степенот на почитување на човековите права во земјата. Кога станува збор за субјективните перцепции на учесниците во поглед на почитувањето на човековите права значаен процент на учесници – повеќе од една петина (22,6%) сметаат дека човековите правата воопшто не се почитуваат, додека само 3,1% сметаат дека човековите права целосно се почитуваат. Најголемиот дел од учесниците 41,9% се на мислење дека сосема малку се прави за почитувањето на човековите права во земјата (Табела/Графикон 1). Од добиените резултати може да се констатира дека **учесниците, општо земено, не се задоволни од состојбите со почитувањето на човековите права во земјата**.

*Табела / Графикон 1. Перцепција за почитување на човековите права во Северна Македонија, во проценти.*

**На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права?**

| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Валидни | воопшто не се почитуваат | 228 | 22.4 | 22.6 | 22.6 |
| | не се почитуваат | 167 | 16.4 | 16.6 | 39.2 |
| | сосема малку се почитуваат | 422 | 41.5 | 41.9 | 81.1 |
| | генерално се почитуваат | 160 | 15.7 | 15.9 | 96.9 |
| | целосно се почитуваат | 31 | 3.0 | 3.1 | 100.0 |
| | Вкупно | 1008 | 99.1 | 100.0 | |
| Без одговор | не знам | 8 | .8 | | |
| | нема одговор | 1 | .1 | | |
| | Вкупно | 9 | .9 | | |
| Total | | 1017 | 100.0 | | |




Анализата на податоците според полот покажува дека постои поголемо незадоволство меѓу мажите во поглед на почитувањето на човековите права. Имено, речиси една четвртина од мажите во истражувањето сметаат дека човековите права „воопшто не се почитуваат“ во земјата, за разлика од 19,6% од жените. Учеството на мажите е поголемо и меѓу сите опции кои изразуваат незадоволство од состојбите со човековите права во овој домен. Во поглед на возраста на учесниците, се издвои групата учесници на возраст 18-29 години, кои попозитивно ја оценуваат состојбата со човековите права. Најголемо незадоволство е забележано кај учесниците на возраст 45-59 години; имено, 40,6% сметаат дека човековите права во земјата (воопшто) не се почитуваат (Табели / Графикони 7 и 8 во Анекс 1).

Анализата на податоците според местото на живеење покажа дека жителите на руралните средини генерално покажуваат понизок степен на задоволство во поглед на почитувањето на човековите права. Од аспект на регионот на живеење констатирано беше значително поголемо незадоволство од почитувањето на човековите права меѓу учесниците од Полошкиот и Југозападниот регион (речиси половина од учесниците од овие региони сметаат дека човековите права не се почитуваат во земјава). Високо е незадоволството од почитувањето на човековите права и во Вардарскиот и Североисточниот регион. Најпозитивна оценка во овој поглед дале учесниците од Скопскиот и Источниот регион (Табели / Графикони 9-10 во Анекс 1).

Во поглед на анализата на одговорите според етничката припадност на учесниците, може да се заклучи дека Албанците се издвоија како група која е најнезадоволна од состојбите со почитувањето на човековите права. Имено, повеќе од 50% од учесниците Албанци сметаат дека човековите права не се почитуваат во земјава. Генерално незадоволство постои и меѓу учесниците Роми, но тие се група меѓу која постои и значајно повисоко задоволство во споредба со другите групи.

Кога станува збор за нивото на образование на учесниците, од анализата на податоците евидентен е тренд на растечко задоволство од почитувањето на човековите права со

зголемувањето на образовното ниво. Согласно со ова, учесниците со основно и пониско образование се во значително повисок процент незадоволни од состојбите со почитувањето на човековите права. Имено, повеќе од половина од учесниците со основно или пониско образовани сметаат дека човековите права не се почитуваат во земјата, во споредба со околу 25% од учесниците со високо образование кои го делат истиот став. Дополнителни 25% од високообразованите учесници сметаат дека човековите права генерално или во целост се почитуваат, став кој го делат 17,7% од учесниците со средно и 12,7% од учесниците со основно и пониско образование (Табели / Графикони 11-12 во Анекс 1).

Уште едно прашање кое имаше за цел да ги идентификува главните ставови на учесниците во поглед на состојбите со човековите права во земјата се однесува на нивната доверба кон институциите кои треба да ги штитат овие права, попрецизно судството. Запрашани колкава доверба имаат во судовите во поглед на нивните заложби за почитување на човековите права, одговорите на учесниците упатуваат на релативно **висок степен на недоверба кон судството**. Имено, 60,6% немаат доверба во работата на овие институции во наведениот домен.

*Табела / Графикон 2. Доверба во работата на судовите во поглед на заштита на човековите права, во проценти.*

**На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | немам воопшто доверба | 339 | 33.3 | 34.0 | 34.0 |
| | немам доверба | 265 | 26.1 | 26.6 | 60.5 |
| | имам сосема малку доверба | 286 | 28.1 | 28.7 | 89.2 |
| | имам доверба | 87 | 8.6 | 8.7 | 97.9 |
| | имам целосна доверба | 21 | 2.1 | 2.1 | 100.0 |
| | вкупно | 998 | 98.1 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 17 | 1.7 | | |
| | нема одговор | 2 | .2 | | |
| | вкупно | 19 | 1.9 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Одговорите на учесниците беа анализирани и според неколку социо-демографски обележја, при што беа констатирани разлики во рамки на повеќе категории. Анализата на одговорите според полот покажа дека и во овој случај машките учесници имаат помала доверба во судството во споредба со жените, што е конскевентно и на нивното повисоко незадоволство од состојбите со почитувањето на човековите права. Имено, повеќе од две третини од мажите немаат доверба дека судските органи работат на заштита на човековите права. Овој став го делат 57,1% од жените (Табела / Графикон 13 во Анекс 1).

Кога станува збор за возраста и во поглед на ова прашање се издвои групата на најмлади учесници (18-29 години старост) кои демонстрираат нешто повисока доверба во судството од сите други возрасни групи (Табела / Графикон 14 во Анекс 1). И во овој случај одговорите на учесниците се конскевентни со одговорите во поглед на прашањето за општата перцепција за почитување на човековите права, односно возрасните групи кои изразуваат повисок степен на задоволство од состојбите со човековите права се и позадоволни од работата на судовите. Не се покажаа значајни разлики во одговорите на учесниците според видот на населено место (Табела / Графикон 15 во Анекс 1).

Од аспект на етничката припадност, анализата на резултатите покажа дека учесниците Турци и Роми во повисок процент од останатите испитаници имаат доверба во работата на судовите на полето на заштита на човековите права. Оваа доверба најниска е кај учесниците Албанци меѓу кои околу две третини немаат доверба во работата на судовите по ова прашање (Табела / Графикон 17 во Анекс 1).

Како и во случајот со генералната перцепција за почитувањето на човековите права, и во овој случај учесниците со основно и средно образование манифестираат повисок степен на недоверба кон судските органи. И во овој случај, учесниците со високо образование покажуваат повисок степен на доверба (Табела / Графикон 18 во Анекс 1). Интерпретацијата на манифестираното (не)задоволство во поглед на почитувањето на човековите права и (не)довербата кон релевантните е потребно да се стави во контекст и на специфичните искуства на учесниците. Имено, може да се констатира дека поголемо

задоволство и доверба покажуваат учесници кои се со повисоко образовно ниво, живеат во урбани средини. Се претпоставува дека овие учесници имаат и подобар пристап до институции / ресурси за заштита на нивните права, а со тоа и нивните искуства и перцепции на ова поле се попозитивни.

Имајќи превид дека перцепциите и ставовите на граѓаните може да се условени од нивните непосредни искуства врзани за остварувањето на човековите права, учесниците беа прашани и дали некогаш се обраќале до судовите за заштита на нивните права. Големо мнозинство (86,8%) од учесниците одговорија негативно на ова прашање (Табела / Графикон 19 во Анекс 1).

## 3.2 Перцепции и ставови во поглед на дискриминација на одредени општествени групи и ставови кон дискриминацијата по основ на сексуална ориентација

Утврдувањето на ставовите кон дискриминацијата на хомосексуалните и трансродовите лица беше испитувано преку група прашања со која учесниците своите ставови кон дискриминацијата на овие лица ги ставија во контекст на повеќе општествени (и потенцијално ранливи) групи.

Своите ставови во поглед на дискриминацијата на неколку општествени групи учесниците имаа можност да ги изразат преку скала за мерење на ставови, каде дискриминацијата или отсуството на дискриминација кон одредена група беа оценувани на скала од 1 до 5, при што 1 означува отсуство на дискриминација, додека 5 највисок степен на дискриминација. Учесниците имаа можност да се изјаснат во поглед на неколку групи: Македонци, Албанци, Роми, жени, лица со попреченост, стари лица, припадници на опозициски политички партии и хомосексуални и трансродови лица. Од  просечната вредност на одговорите на учесниците може да се заклучи дека за најдискриминирани се сметани Ромите (3,6%), лицата со попреченост (3,6%) и хомосексуалците и трансродовите лица (3,5). За најмалку дискриминирани групи оценети се Македонците (2,7) и Албанците (2,7).

Од добиените резултати може да се заклучи дека **учесниците релативно високо го оцениле ризикот од дискриминација за хомосексуалните и трансродовите лица**. Овој резултат може да се интерпретира на неколку начини: прво, дека постои признавање на оваа категорија граѓани како ранлива; второ, дека учесниците инклинираат кон давање на „посакувани“ одговори како резултат на ефект на културен шок или афирмативна пристрасност. Имајќи ги предвид резултатите од вториот блок прашања, втората интерпретација се чини многу поверојатна.

*Табела / Графикон 3. Перцепција за дискриминација на одредени групи (на скала од 1-5), просечни вредности.*

| | На скала од 1-5 колку се според вас Македонците изложени на дискриминација? | На скала од 1-5 колку се според вас Албанците изложени на дискриминација? | На скала од 1-5 колку се според вас Ромите изложени на дискриминација? | На скала од 1-5 колку се според вас жените изложени на дискриминација? | На скала од 1-5 колку се според вас лицата со попреченост изложени на дискриминација? | На скала од 1-5 колку се според вас старите лица изложени на дискриминација? | На скала од 1-5 колку се според вас членовите на политички партии во опозиција изложени на дискриминација? | На скала од 1-5 колку се според вас хомосексуалните и трансродовите лица изложени на дискриминација? |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечна вредност | 2.6670 | 2.6988 | 3.6295 | 3.0483 | 3.5678 | 2.9834 | 2.9161 | 3.5243 |
| Број | 970 | 966 | 950 | 973 | 951 | 965 | 775 | 719 |
| Ст. девијација | 1.41182 | 1.46154 | 1.41331 | 1.31653 | 1.38768 | 1.38296 | 1.51800 | 1.53298 |




Анализата на податоците според полот на учесниците покажа дека мажите се генерално посензитивни околу подложноста на дискриминација на припадниците на различните етнички заедници вклучени во рамки на прашањето, додека жените покажуваат поголем

сензибилитет во поглед на жените како ранлива група подложна на дискриминација и хомосексуалците и трансродовите лица (Табела / Графикон 20 во Анекс 1).

Анализата на податоците според возрасни групи покажа дека најмладата возрасна група во повисок степен смета дека постои дискриминација на хомосексуалците и трансродовите лица (3,9) и Ромите (3,9) од останатите три возрасни групи. Лицата со попреченост (3,7) и старите лица (3,2) во повисок степен се оценети како дискриминирани од страна на учесниците на возраст 45-59 години. За учесниците на возраст 30-44 години најдискриминирани се Ромите (3,7) и лицата со попреченост (3,6), групи кои се оценети како најдискриминирани и меѓу учесниците на возраст над 60 години (Табела 21, Графикони 21 и 21а во Анекс 1). При анализата на одговорите на учесниците во однос на групата хомосексуалци и трансродови лица, може да се констатира дека значајно повисок степен на свесност за ранливоста на дискриминација покажуваат учесниците од двете најмлади возрасни групи 18-29 и 30-44.

Разлики се појавија и во поглед на видот на населено место на учесниците. Во овој контекст, учесниците што живеат во град сметаат дека во најголем ризик од дискриминација се лицата со попреченост (3,6), хомосексуалците и трансродовите лица (3,6) и Ромите (3,5). За учесниците од рурални средини Ромите претставуваат група која е најмногу изложена на дискриминација, со просечна вредност од 3,8 во одговорите; по нив следуваат лицата со попреченост (3,5) и хомосексуалците и трансродовите лица (3,3) (Табела / Графикон 22 во Анекс 1).

Анализата на одговорите на Македонците и Албанците покажа дека присутна е тенденција и за само-виктимизација и кај двете етнички групи. Имено и кај Македонците и кај Албанците сопствената етничка група е рангирана високо во поглед на групите во ризик од дискриминација. Дополнително, припадниците на двете најбројни етнички заедници во земјата сметаат дека припадниците на другата етничка заедница се најмалку дискриминираните групи во општеството. Во поглед на ризикот од дискриминација за другите категории граѓани вклучени во прашањето, учесниците Македонци сметаат дека под најголем ризик од дискриминација се лицата со попреченост (3,6), хомосексуалците и трансродовите лица (3,6) и Ромите (3,4). Според Албанците групите што се најмногу дискриминирани се Ромите (4,4), Албанците (3,9) и лицата со попреченост (3,5) (Табела / Графикон 23 во Анекс 1).

Анализата на податоците според нивото на образование на учесниците покажа дека за учесниците со основно или помалку од основно образование, најдискриминирани групи се Ромите, лицата со попреченост и старите лица. Овие групи се сметани за многу дискриминирани и од учесниците со средно и високо образование со таа разлика што учесниците од овие групи за најдискриминирани ги сметаат хомосексуалците и трансродовите лица, следени од Ромите и лицата со попреченост. Кога станува збор конкретно за групата на хомосексуалци и трансродови лица, постои тенденција на раст на емпатија и свест за дискриминација над оваа група со зголемувањето на образовното ниво. Имено, постои значајна разлика меѓу учесниците со средно и високо образование и учесниците со основно и пониско образование – првите хомосексуалците ги сметаат за најдискриминирана група, додека вторите оваа група ја третираат како една од најмалку

дискриминираните (Табела 24 / Графикони 24а и 24б во Анекс 1). Од одговорите на учесниците може да се констатира очигледна тенденција на поголема свесност за подложноста на дискриминација кај хомосексуалците и трансродовите лица, која расте правопропорционално со зголемувањето на образовното ниво кај учесниците.

Во контекст на ова, приложени се и процентуалните одговори на учесниците во поглед на дискриминацијата на трансродовите лица и хомосексуалците. Анализата на општите одговори на учесниците покажа дека 41,9% сметаат дека овие групи се значително дискриминирани, додека дополнителни 30% сметаат дека постои одредена (мала до умерена) дискриминација над припадниците на овие групи.

*Табела / Графикон 4. Перцепција за дискриминација на хомосексуалните и трансродовите лица, во проценти.*

**На скала од 1-5 колку се според вас хомосексуалните и трансродовите лица изложени на дискриминација?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | не се воопшто дискриминирани | 126 | 12.4 | 17.5 | 17.5 |
| | не се дискриминирани | 75 | 7.4 | 10.4 | 28.0 |
| | сосема малку се дискриминирани | 115 | 11.3 | 16.0 | 43.9 |
| | дискриминирани се | 102 | 10.0 | 14.2 | 58.1 |
| | многу се дискриминирани | 301 | 29.6 | 41.9 | 100.0 |
| | вкупно | 719 | 70.7 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 162 | 15.9 | | |
| | нема одговор | 136 | 13.4 | | |
| | вкупно | 298 | 29.3 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Како и во случајот на повеќе други прашања од анкетата анализата на процентуалната дистрибуција на одговорите според пол покажа дека жените демонстрираат повисок степен на свесност околу ризикот од дискриминација за хомосексуалците и трансродовите лица (Табела / Графикон 25 во Анекс 1). Тенденцијата за поголема свесност во поглед на дискриминацијата на оваа група граѓани кај помладите учесници е евидентна – додека речиси половина од учесниците на возраст од 18-29 години сметаат дека хомосексуалците и трансродовите лица се „многу дискриминирани“, овој став го споделуваат околу третина од учесниците на возраст над 60 години. И во поглед на анализата на процентуалната застапеност на одговорите на учесниците од различни категории се покажа дека лицата од урбани средини и повисоко ниво на образование во значајно повисок процент демонстрираат свесност за ранливоста на дискриминација на хомосексуалните и трансродовите лица (Табели и Графикони 26-30 во Анекс 1).

Релевантен аспект на односот кон дискриминацијата на лицата со алтернативна сексуална и родова ориентација претставува и дефинирањето на формални механизми за заштита на нивните права. Во овој контекст, во анкетата беа вклучени и прашања за утврдување на информираноста на граѓаните во поглед на најновите измени на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД), како и нивниот став околу вклучувањето на сексуалната ориентација како еден од основите за дискриминаторно однесување.

Запрашани **дали се информирани за најновите измени на Законот за спречување и заштита од дискриминација**, релативно низок процент од учесниците во истражувањето, **помалку од една третина одговорија потврдно**. Ако се земе предвид дека дел од учесниците дале позитивен одговор заради тоа што настојувале да дадат „посакувани“, „очекувани“ или „точни“ одговори, разумно е да се претпоставува дека бројот на учесници информирани за овие законски измени е уште помал.

*Табела / Графикон 5. Учесници информирани за најновите измени во ЗСЗД, во проценти.*

**Дали знаете дека Собранието усвои нов Закон за спречување и заштита од дискриминација во март 2019?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 297 | 29.2 | 29.3 | 29.3 |
| | не | 716 | 70.4 | 70.7 | 100.0 |
| | вкупно | 1013 | 99.6 | 100.0 | |
| без одговор | нема одговор | 4 | .4 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Анализата на одговорите на учесниците според полот покажа дека повисок процент од мажите информирани (33,1%) во поглед на овие измени во споредба со жените (25,7%). Спротивно на повисокото ниво на свесност за дискриминација кон хомосексуалните и трансродовите лица покажана од најмладата возрасна група на претходните прашања, во поглед на ова прашање се покажа како група која во значително понизок процент (17,7%) е информирана за наведените законски измени. Најмногу информирана по ова прашање е групата на возраст 45-59 години, меѓу кои 40,4% изјавиле дека се запознаени со законските измени. Со овие измени запознаени се и околу четвртина од учесниците на возраст 30-44 години и околу третина од учесниците над 60 години (Табели / Графикони 32-33 во Анекс 1).

Покрај повисоката свесност за подложноста на дискриминација на хомосексуалните и трансродовите лица, учесниците од градовите (31,2%) во повисок процент изјавиле дека се информирани за тековните законски измени во споредба со учесниците од селата (25,7%). Анализата на податоците според регионот на живеење покажа дека за законските измени најмногу информирани се учесниците од Североисточниот (42,2%), Источниот (35,6%) и Скопскиот (34%) регион. Најмалку информирани се жителите од Вардарскиот

(12,7%), Пелагонискиот (22,7%) и Полошкиот регион (22,9%) (Табели / Графикони 33-34 во Анекс 1).

Анализата на податоците според етничката припадност покажа дека подобро информирани за законските измени се Ромите и Македонците, а нешто помалку Турците и Албанците. Поради ниската застапеност на категоријата други, значајното отстапување од вредностите на другите групи не може да се третира како статистичка релевантност. Во поглед на ова прашање, очекуваната повисока информираност на високообразованите учесници се потврди. Имено, 41,9% од учесниците со високо образование се информирани за законските измени, споредено со 27,8% од учесниците со средно и 16,1% од оние со основно и пониско образование (Табели / Графикони 35-36 во Анекс 1).

Уште едно прашање со кое се истражуваше информираноста на учесниците за измените на ЗСЗД беше и прашањето за содржината на измените, односно дали учесниците се информирани дека категоријата сексуална ориентација е додадена како релевантен основ за дискриминација. На ова прашање одговараа учесниците кои одговориле дека се запознаени со фактот за измена на ЗСЗД. Големо мнозинство од учесниците (78,1%)што се изјаснија како информирани за тековните измени на ЗСЗД, изјавија дека се запознаени и со содржината на овие измени во контекст на превенцијата и заштитата од дискриминација по основ на сексуална ориентација.

*Табела / Графикон 6. Учесници информирани за измените во ЗСЗД што се однесуваат на прашањето на сексуалната ориентација, во проценти.*

**Дали знаете дека новиот Закон забранува дискриминација по основ на сексуална ориентација?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 232 | 22.8 | 78.1 | 78.1 |
| | не | 45 | 4.4 | 15.2 | 93.3 |
| | не знам | 3 | .3 | 1.0 | 94.3 |
| | нема одговор | 17 | 1.7 | 5.7 | 100.0 |
| | вкупно | 297 | 29.2 | 100.0 | |
| без одговор | System | 720 | 70.8 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Иако жените генерално се помалку информирани околу измените на ЗСЗД, сепак, меѓу оние кои се запознаени со тековните случувања повисок е процентот на информирани жени (81,1%) за одредбите кои се однесуваат на сексуалната ориентација во споредба со мажите (75,8%). Кога станува збор за возраста, се издвоија најмладата и најстарата возрасна група кои во повисок процент од другите две се информирани за содржината на законските измени (Табели / Графикони 37-38 во Анекс 1).

И во овој случај учесниците – жители на урбани средини се во нешто повисок процент (79%) информирани за одредбите на законските измени кои се однесуваат на сексуалната ориентација во споредба со учесниците од руралните средини (75,9%). Како и во случајот на претходното прашање и во поглед на содржината на законските измени подобро информирани се учесниците од Источниот (87,1%), Североисточниот (84,2%), Југоисточниот (83,3%) и Скопскиот (79,6%) регион. Помалку информирани се учесниците од Пелагонискиот (68%) и Полошкиот регион (69,7%) (Табели / Графикони 39-40 во Анекс 1).

Анализата на податоците според етничката припадност покажа дека Албанците во понизок процент се информирани за содржината на законските измени во споредба со учесниците од другите етнички групи. И во овој случај се потврди значењето на образованието во поглед на ова прашање; се потврди трендот на поголема информираност на учесниците со растот на нивото на образование – учесниците со високо образование во значително повисок процент се информирани за содржината на измените во споредба со учесниците со средно и основно (и пониско) образование (Табели / Графикони 41-42 во Анекс 1).

Одговорите на учесниците упатуваат на заклучокот дека генерално земено, постои ниска информираност меѓу учесниците во поглед на измените на ЗСЗД, а со тоа и за одредбите кои се однесуваат на дискриминацијата по основ на сексуална ориентација. Без оглед на нивото на информираност, сите учесници беа прашани дали се согласуваат со одредбите на Законот за забрана на дискриминацијата по основ на сексуална ориентација.

На ова прашање (дали дискриминацијата по основ на сексуална ориентација и родов идентитет треба да биде забранета), нешто помалку од две третини (61,8%) од учесниците одговориле потврдно. Ова претставува релативно висок степен на согласност, чија интерпретација неопходно е да биде ставена во контекст на одговорите и заклучоците од останатите прашања.

*Табела / Графикон 7. Согласност со забрана за дискриминација по основ на сексуална ориентација и родов идентитет, во проценти.*

**Дали се согласувате дека дискриминацијата по основ на сексуална ориентација и родов идентитет треба да биде забранета?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 479 | 47.1 | 61.7 | 61.7 |
| | не | 297 | 29.2 | 38.3 | 100.0 |
| | вкупно | 776 | 76.3 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 69 | 6.8 | | |
| | нема одговор | 172 | 16.9 | | |
| | вкупно | 241 | 23.7 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Како и во случајот на претходните прашања каде жените покажаа повисок степен на свесност за ранливоста на хомосексуалните и трансродовите лица на дискриминација, така и по ова прашање анализата на податоците според полот на учесниците покажа поголема сообразеност на жените (66,2%) со ставот за забрана на дискриминацијата по основ на сексуална ориентација во споредба со мажите (57%). Во анализата на одговорите според возраста на учесниците може да се констатира трендот на опаѓање на согласноста со

ставот со растот на возраста, односно колку се учесниците постари, во повисок процент ја отфрлаат сексуалната ориентација како законски уредена (Табели / Графикони 43-44 во Анекс 1).

Во поглед на одговорите на учесниците според населеното место (урбано или рурално) може да се констатира дека учесниците кои живеат во урбани средини во повисок процент (65%) се согласуваат со ставот дека дискриминацијата според сексуалната ориентација треба да биде забранета во споредба со оние од рурални средини (55,6%). Анализата на податоците според регионот на живеење покажа дека учесниците од Пелагонискиот (75,3%), Скопскиот (70,7%) и Југозападниот (70,6%) регион многу повеќе го поддржуваат ставот за забрана на дискриминацијата по основ на сексуална ориентација. Овој став најмалку го поддржуваат учесниците од Вардарскиот (42,5%), Југоисточниот (44%) и Полошкиот (51,4%) регион (Табели / Графикони 45-46 во Анекс 1).

Анализата на податоците според етничката припадност на учесниците покажа дека Турците (71,4%) и Македонците (62,7%) во повисок процент поддржуваат забрана на дискриминаторно однесување врз лица со различна сексуална ориентација од традиционалната. Овој став во помал процент го подржуваат Албанците (59,3%) и Ромите (43,8%). Како и во случајот на останатите прашања и во поглед на ова прашање очигледни се разликите во поглед на нивото на образование. Трендот е ист – поддршката за забрана на дискриминацијата по основ на сексуална ориентација расте со образовното ниво на учесниците. Овој став најмногу го поддржуваат учесниците со високо образование (77,1%), а најмалку  со основно образование (42,5%) (Табели / Графикони 47-48 во Анекс 1).

## 3.3 Социјална дистанца, ставови за поведенија и учество во јавната сфера

Односот на учесниците кон дискриминацијата врз лицата со различна сексуална ориентација и родов идентитет беше анализиран и низ призмата на нивните лични односи и ставови во поглед на учеството на овие лица во општествениот живот. За утврдување на ставовите на учесниците во оваа сфера беше користена категоријата сексуална ориентација, односно една нејзина форма – хомосексуалноста, како најблизок концепт за нетрадиционална сексуална ориентација за учесниците. Имено, реалните ставови на испитаниците доаѓаат до израз на прашањата дали познаваат лица со хомосексуална ориентација, дали имаат пријатели со хомосексуална ориентација, и дали би работеле со лица со хомосексуална ориентација. Овие прашања се директни; испитаниците ги доживуваат лично, и очигледно одговорите на овие прашања се подиректни, во споредба со одговорите на општите прашања, како што е прашањето дали испитаникот се согласува со забраната на дискриминација по основ на сексуална ориентација. Ова прашање се доживува како општо, и афирмативната пристрасност (склоноста да се даде пожелниот одговор) полесно доаѓа да израз. Кога прашањето станува значително полично, како на пример „дали познавате лице со хомосексуална ориентација“, испитаникот е помалку засегнат со тоа дали ќе го даде „посакуваниот одговор“ и позасегнат е “да се одбрани“ од негативната асоцијација.

Како дел од прашањата кои се однесуваат на личниот однос на учесниците кон лицата со алтернативна сексуална ориентација, но и како логичка контрола на одговорите од претходниот блок прашања, учесниците беа прашани да одговорат дали им пречат мажите хомосексуалци и жените лезбејки. **Кога станува збор за машката хомосексуалност, повеќе од 40% од учесниците се изјасниле дека им пречат мажите хомосексуалци**.

*Табела / Графикон 8. Учесници кои се изјасниле дека мажите хомосексуалци лично им пречат, во проценти.*

**Дали вам лично ви сметаат мажи хомосексуалци?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 443 | 43.6 | 44.8 | 44.8 |
| | не | 546 | 53.7 | 55.2 | 100.0 |
| | вкупно | 989 | 97.2 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 13 | 1.3 | | |
| | нема одговор | 15 | 1.5 | | |
| | вкупно | 28 | 2.8 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Анализата на одговорите на учесниците според полот покажа дека и во овој случај учесниците од машки пол во повисок процент (47,3%) имаат личен негативен однос кон мажите хомосексуалци во споредба со жените (42,3%). Во поглед на возраста резултатите покажаа растечка нетрпеливост кон мажите хомосексуалци со зголемување на возраста. Имено, оваа нетрпеливост е најголема меѓу учесниците на возраст над 60 години (50,2% изјавиле дека мажите хомосексуалци им пречат), и 45-59 години (46,8%), а значително

помалку меѓу учесниците на возраст 30-44 години (42,3%) и 18-29 години (40,7%) (Табели / Графикони 49-50 во Анекс 1).

Разликите урбано-рурално се повторија и во поглед на ова прашање; односно учесниците од урбаните населени места во понизок процент (40,8%) манифестираат лична нетрпеливост кон мажите хомосексуалци во споредба со учесниците што живеат на село (52,7%). Во поглед на регионалната припадност, се издвоија учесниците од Југозападниот (61%), Полошкиот (55,6%) и Југоисточниот регион (54,1%) кои во повисок процент манифестираа неприфаќање на мажите хомосексуалци. Потолерантни во овој поглед беа учесниците од Вардарскиот (63,2%), Скопскиот (67,2%) и Источниот регион (58,3%) каде мнозинството немаат личен отпор кон мажите хомосексуалци (Табели / Графикони 51-52 во Анекс 1).

Од аспект на етничката припадност поголема нетолеранција кон мажите хомосексуалци манифестираат Албанците (63,6%) и Турците (61,1%), а најниска Македонците (39,3%). Мажите хомосексуалци, исто така, им пречат и на 61,6% од учесниците со основно (или пониско) образование, на 45,9% од учесниците со средно образование и на 30,7% од учесниците со високо образование со што се потврди трендот на поголема отвореност и прифаќање на лицата со алтернативна сексуална ориентација со зголемување на степенот на образование (Табели / Графикони 53-54 во Анекс 1).

Запрашани дали **лично им пречат жените лезбејки 43,1% од учесниците одговориле потврдно, што упатува на заклучокот дека кај нив постои подеднаков личен отпор кон хомосексуалност кај лицата од различни родови**.

*Табела / Графикон 9. Учесници кои се изјасниле дека жените лезбејки лично им пречат, во проценти.*

**Дали вам лично ви сметаат жени лезбејки?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 426 | 41.9 | 43.1 | 43.1 |
| | не | 563 | 55.4 | 56.9 | 100.0 |
| | вкупно | 989 | 97.2 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 13 | 1.3 | | |
| | нема одговор | 15 | 1.5 | | |
| | вкупно | 28 | 2.8 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Анализата на одговорите според полот покажа дека и во овој случај машките учесници имаат нешто повисок личен отпор кон хомосексуалноста, која во овој случај се манифестира кон жените лезбејки. Како и во случајот на машката, така и во поглед на женската хомосексуалност се забележува тенденција на раст на личната нетрпеливост кон овие лица со зголемувањето на возраста на учесниците. Па така, најголем отпор кон лезбејките покажуваат лицата постари од 60 години (49,8% изјавиле дека им пречат) и групата 45-59 години (44,3%). Најмал отпор е регистриран меѓу најмладата група учесници на возраст 18-29 години (39% изјавиле дека лезбејките им пречат) (Табели / Графикони 55-56 во Анекс 1).

Од аспект на видот на населеното место повторно беа констатирани разлики меѓу учесниците од урбани средини, меѓу кои се забележува помал личен отпор кон лезбејките – 39% изјавиле дека лезбејките им пречат, наспроти учесниците од руралните места, каде нешто повеќе од половината (51,2%) покажаа лична нетрпеливост кон лезбејките. Консеквентно на одговорите во врска со машата хомосексуалност, учесниците од Југозападниот, Полошкиот и Југоисточниот регион покажуваат подеднаков личен отпор кон женската хомосексуалност. И во овој случај, најотворени се учесниците од Скопскиот регион (69,2% изјавиле дека не им пречат лезбејките), Вардарскиот (64,5%) и Источниот (60,7%) регион (Табели / Графикони 57-58 во Анекс 1).

Анализата на податоците според етничката припадност на учесниците покажа дека најголем отпор кон лезбејките покажуваат учесниците Албанци (63% се изјасниле дека лезбејките им пречат) и Турци (61,1%). Најнизок личен отпор е регистриран меѓу учесниците Македонци, меѓу кои 62,7% изјавиле дека немаат личен отпор кон лезбејките. Во поглед на образованието, се потврди веќе констатираниот тренд на поголема отвореност кон хомосексуалноста, а во случајов кон жените лезбејки со растот на нивото на образованието на учесниците. Повеќе од 60% од учесниците со основно или пониско образование изјавиле дека лезбејките им пречат – ова е случај со 30,3% од учесниците со високо образование (Табели / Графикони 49-50 во Анекс 1).

Релевантен сегмент од личниот однос кон хомосексуалноста претставува и одржувањето општествена интеракција со лица кои се со различна сексуална или родова ориентација. Имањето на контакт, познанства или прифаќањето на хомосексуално или трансродово лице на работното место ја претставува манифестната страна од односот кон овие лица. Имено, нивните латентни ставови кон овие лица добиваат отелотворување во видов на интеракција што го остваруваат со нив. Во овој контекст, учесниците беа прашани дали познаваат, имаат пријател/и и дали би прифатиле да соработуваат со хомосексуално лице. На прашањето **дали познаваат некој хомосексуалец, нешто помалку од третина (32,2%) од учесниците одговорија потврдно**. Ова упатува на прилично ограничена интеракција со овие лица.

*Табела / Графикон 10. Учесници кои познаваат лице со хомосексуална ориентација, во проценти.*

**Дали познавате некој хомосексуалец или лезбејка?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 322 | 31.7 | 32.2 | 32.2 |
| | не | 679 | 66.8 | 67.8 | 100.0 |
| | вкупно | 1001 | 98.4 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 4 | .4 | | |
| | нема одговор | 12 | 1.2 | | |
| | вкупно | 16 | 1.6 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Од аспект на полот, малку повисок е процентот на жени кои познаваат лица хомосексуалци (33,5%) во споредба со мажите (30,8%). Процентот на учесници кои познаваат лице со хомосексуална ориентација е повисок меѓу помладите возрасни групи 18-29 (40%) и 30-44 (43,6%), отколку меѓу учесниците на 50 години возраст (Табели / Графикони 61-62 во Анекс 1).

Исто така, повисок е процентот на учесници од градовите кои имаат познаници хомосексуалци (36,9%) во споредба со учесниците од села (22,8%). Од аспект на регионалната припадност, учесниците од Скопскиот (49,8%) и Пелагонискиот (39,4%) регион во значајно повисок процент изјавиле дека познаваат лица со хомосексуална ориентација. За споредба, ова е случај со само 16,2% од учесниците од Полошкиот регион, кој е најниско рангиран (Табели / Графикони 53-54 во Анекс 1).

Македонците се издвоија како група која во повисок процент има познанства со лица со хомосексуална ориентација – 36,8% од учесниците Македонци изјавиле дека познаваат хомосексуално лице. За споредба, ова е случај со околу 16% од учесниците Албанци и Турци. Од аспект на образовното ниво, евидентен е веќе констатираниот тренд по повеќето прашања – само 8% од учесниците со основно образование имаат познаник хомосексуалец; ова е случај со 32,8% од учесниците со средно и 48,1% од оние со високо образование (Табели / Графикони 55-56 во Анекс 1).

Учесниците кои изјавија дека познаваат лице хомосексуалец беа прашани и дали имаат пријатели хомосексуалци. Од третината учесници кои познаваат лице кое е хомосексуалец, **41,6% (13,2% од целиот примерок во истражувањето) имаат поблиска врска / пријателство со лице со хомосексуална ориентација**.

*Табела / Графикон 11. Учесници кои за пријател имаат лице со хомосексуална ориентација, во проценти.*

**Дали имате пријател/ка кој/а е хомосексуалец или лезбејка?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 134 | 13.2 | 41.6 | 41.6 |
| | не | 176 | 17.3 | 54.7 | 96.3 |
| | нема одговор | 12 | 1.2 | 3.7 | 100.0 |
| | вкупно | 322 | 31.7 | 100.0 | |
| без одговор | | 695 | 68.3 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Покрај тоа што во повисок процент познаваат лица со хомосексуална ориентација, повисок процент од жените во истражувањето имаат пријателства со лица со хомосексуална ориентација. Имено, додека 45,9% од жените имаат пријатели/ки хомосексуалци, ова е случај со само 36,8% од мажите. Пријателства со хомосексуалци во значајно повисок процент имаат учесниците на возраст од 18-29 години – 53,1% и имаат тенденција на опаѓање со зголемување на возраста. Така, пријателства со хомосексуалци имаат само 20,5% од учесниците на возраст над 60 години (Табели / Графикони 67-68 во Анекс 1).

И во овој случај повеќе учесници од урбаните средини изјавија дека имаат пријателства со лица со хомосексуална ориентација (42,7%), наспроти учесниците од руралните средини (38,2%). Овие пријателства се почести и меѓу учесниците од Пелагонискиот регион (48,8%) и Скопскиот регион (45,3), а најмалку чести меѓу учесниците од Југозападниот регион (29,6%) (Табели / Графикони 69-70 во Анекс 1).

Иако процентот на учесници Турци кои познаваат лица со хомосексуална ориентација не е висок (околу 16%), сепак тие во значително повисок процент негуваат пријателства со хомосексуалци – 66,7% изјавиле дека имаат пријател/ка хомосексуалец. Овој процент е повисок и кај Македонците – 44,7%. Од друга страна, само 22,9% од Албанците и 16,7% од Ромите имаат пријатели хомосексуалци. Повторно, значајно повисок процент од учесниците со средно (42,5%) и високо образование (43,7%) имаат пријателства со лица со хомосексуална ориентација од учесниците со основно образование (13,3%) (Табели / Графикони 71-72 во Анекс 1).

Уште едно прашање со кое се испитуваше степенот на прифаќање на хомосексуалните лица беше прашањето дали учесниците би прифатиле да соработуваат со колега/колешка со хомосексуална ориентација на работното место. Во поглед на ова прашање 46,7% од учесниците изјавиле дека би прифатиле да работат со лице хомосексуалец, 42,1% би одбиле, додека 11,3% одговориле само во услови кога се приморани. Имајќи предвид дека повеќе од половина од учесниците изјавиле дека би одбиле или под присила би прифатиле хомосексуалец за колега/колешка на работното место, може да се констатира дека значаен дел од учесниците манифестираат социјална дистанца кон хомосексуалците.

*Табела / Графикон 12. Прифаќање на хомосексуални лица на работно место, во проценти.*

**Дали би прифатиле да работите со хомосексуалец или лезбејка?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 444 | 43.7 | 46.7 | 46.7 |
| | не | 400 | 39.3 | 42.1 | 88.7 |
| | само ако морам | 107 | 10.5 | 11.3 | 100.0 |
| | вкупно | 951 | 93.5 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 28 | 2.8 | | |
| | нема одговор | 38 | 3.7 | | |
| | вкупно | 66 | 6.5 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Жените и во овој случај се поотворени за соработка со хомосексуалци на работното место. Имено, околу половина од жените (51,7%) и 41,3% од мажите изјавиле дека немаат проблем да работат со колега/колешка хомосексуалец. Во контекст на возраста, повеќе од половина од учесниците на возраст 18-44 години немаат проблем да соработуваат со колеги/колешки хомосексуалци. Овој процент опаѓа кај повозрасните учесници, па околу една третина (32,9%) од учесниците над 60 години би прифатиле да работат со хомосексуално лице (Табели / Графикони 73-74 во Анекс 1).

Значајно повисок процент од учесниците од град прифаќаат да работат со хомосексуалци - 53,6%. Ова го прифаќаат и само 32,7% од учесниците од село. Од аспект на регионот на живеење, околу 60% од учесниците од Пелагонискиот и Скопскиот регион прифаќаат да работат со хомосексуалци, за разлика од 27,8% од учесниците од Полошкиот регион (Табели / Графикони 75-76 во Анекс 1).

Кога станува збор за етничката припадност се издвојуваат учесниците Македонци кои во значајно повисок процент прифаќаат да работат со хомосексуални лица – 53,6%, за разлика од учесниците од другите етнички групи меѓу кои 22-27% прифаќаат хомосексуалец за колега на работа. Дури 68% од високообразованите учесници прифаќаат да работат со лица со алтернативна сексуална ориентација, наспроти само 13% од учесниците со основно образование (Табели / Графикони 77-78 во Анекс 1).

### 3.3.1. Ставови за хомосексуалноста

Отвореноста на учесниците кон хомосексуалците беше испитувана и преку нивното (не)согласување со различни форми на однесување и учество на хомосексуалците во јавниот живот. Така, учесниците беа прашани да ја изразат својата согласност на скала од 1 до 5, каде 1 означува „воопшто не е прифатливо", а 5 – „целосно е прифатливо". Дел од ставовите беа афирмативни, односно се однесуваа на различни форми на поведенија и учество во јавната сфера, а дел од ставовите се однесуваа на различни форми на дискриминација и исклучување на хомосексуалните лица. Во овој контекст најголемо одобрување беше манифестирано кон поведенија кои се однесуваат на учество во јавната сфера (излегување во локали со други лица – 3,3, учество во политиката – 3,2, заеднички живот – 3,2, капење во ист базен – 3,1). Како најмалку оправдани учесниците наведоа поведенија кои се однесуваат на јавно манифестирање афекција (држење за раце, бакнување во јавност и работа со деца).

Анализата на податоците според полот на учесниците покажа дека жените генерално се поотворени кон сите форми на однесување. Анализата на податоците според возраста на учесниците покажа дека постои тренд на поголемо одбивање на учеството на хомосексуалните лица во сите аспекти на општествениот живот и јавно манифестирање афекција со зголемување на возраста. Во овој поглед четирите возрасни групи на кои иницијално беа поделени учестниците во истражувањето во поглед на резултатите се поделија на две – групата од 18-44 години, кај која се забележува повисок степен на одобрување на сите испитувани поведенија и групата над 55 години возраст каде одобрувањето е пониско (Табели / Графикони 70-71 во Анекс 1).

Од аспект на видот на населено место и во овој случај се покажа дека учесниците од урбаните населени места покажуваат поголема отвореност кон учеството на хомосексуалните лица во различни сфери на општествениот живот. Во овој случај просечните вредности на одговорите на учесниците од руралните средини не ја надминуваат оценката 2, што е многу низок праг на одобрување. При анализата на податоците според етничката припадност, во поглед на ова прашање посебно анализирани беа одговорите на учесниците Македонци и Албанци кои го сочинуваат најголемиот дел од примерокот. Во поглед на анализираните поведенија се покажа поголемо прифаќање од страна на Македонците и значајни разлики со одговорите на учесниците Албанци иако поведенијата кои најмногу ги одобруваат (одење во локали, да се занимаваат со политика, да работат како лекари) и оние кои манифестираат неодобрување (бакнување на јавни места, држење за раце, работа со деца) се идентични кај учесниците од двете етнички заедници (Табели / Графикони 72-73 во Анекс 1).

Анкетата вклучуваше и прашања за утврдување на степенот на одобрување од страна на учесниците на различни форми на стигматизирање на хомосексуалните и трансродовите лица. Прашањата пред сè се однесуваа на степенот на оправдување од страна на учесниците на поведенија како исмејување, осудување од страна на јавноста и напади на хомосексуалните и трансродовите лица. Учесниците имаа можност оправданоста на ваквите постапки да ја оценат на скала од 1 до 5, каде 1 е „воопшто не е во ред“, а 5 – „сосема е во ред“. Општите дистрибуции на одговорите на учесниците упатуваат на заклучокот дека големо мнозинство од учесниците не ги одобрува наведените форми на стигматизација на хомосексуалните и трансродовите лица – просечната оценка кај сите испитувани поведенија (напади, осуда, исмевање) не надминува 1,5.

Во поглед на овие прашања не беа констатирани значајни разлики според полот на учесниците. Од аспект на возраста, се забележува блага тенденција на зголемување на оправдувањето на овие форми на стигматизација со зголемувањето на возраста на учесниците. Сепак, мора да се констатира дека кај сите возрасни категории преовладува неодобрувањето на ваквите постапки. Веќе констатираните тенденции во контекст на видот на населено место се потврдија и во овој случај – имено, учесниците од урбаните средини во понизок степен ги одобруваат овие поведенија. Во поглед на овие прашања не беа забележани значајни разлики според етничката припадност на учесниците.

Најзначајните разлики се појавуваат при анализата на податоците според образовното ниво на учесниците. Имено, повеќе од било која друга социо-демографска карактеристика, образованието се јавува како значајна детерминанта за повеќе аспекти од односот кон хомосексуалните и трансродовите лица. Оправданоста на наведените форми на стигматизација на хомосексуалците расте со намалувањето на образовното ниво; просечните вредности на оправдување на нападите, исмејувањето и осудата се највисоки кај лицата со основно или пониско образование; согласноста на учесниците со овие форми на стигматизација опаѓа на секој следен степен на образование (Табели / Графикони 84-89 во Анекс 1).

Запрашани дали е во ред лицата од одреден пол да се облекуваат како лица од друг род (маж да се облекува како жена и жена да се облекува како маж) учесниците генерално покажаа неодобрување. Сепак може да се констатираат мали разлики во поглед на оваа пракса во зависност од полот на лицето што го практикува наведеното поведение. Во тој контекст, поголемо неодобрување е манифестирано кон мажите кои се облекуваат како жени, каде просечната оценка е 1,8 на скала од 1 до 5. За жените просечната оценка изнесува 2,1, што иако повисоко, повторно упатува на значајно неприфаќање на ова поведение.

*Табела / Графикон 13. Оправданост на поведенија, мажи/жени да се облекуваат како припадници на другиот род, просечни вредности.*

| | Во ред е маж да се облекува како жена | Во ред е жена да се облекува како маж |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| Просечна вредност | 1.8103 | 2.0998 |
| Број | 975 | 972 |
| Стандардна девијација | 1.38483 | 1.53414 |




И во овој случај жените покажуваат поголема отвореност во поглед на оваа пракса од мажите и во поглед на однесувањето и на двата пола. Разлики според возраста на учесниците не беа забележани, освен во случајот на учесниците од возрасната група над 60 години, кои во значајно понегативно го оценуваат облекувањето на мажи како жени (Табели / Графикони 74-75 во Анекс 1).

Од аспект на етничката припадност, не беа забележани значајни разлики во (не)одобрувањето на тоа мажите да се облекуваат како жени меѓу учесниците Македонци и Албанци; разлика беше воочена во малку поголемото одобрување на тоа жените да се облекуваат како мажи од страна на учесниците Македонци. Анализата на податоците според нивото на образование на учесниците покажа го потврди веќе констатираниот тренд на поголема отвореност и прифаќање на хомосексуалните и трансродовите лица со растот на образовното ниво – најголемо одобрување на испитуваното поведение покажуваат лицата со високо образование, следени од оние со средно, додека најголемо неодобрување се констатира кај учесниците со основно и пониско образование (Табели / Графикони 75-76 во Анекс 1).

Конечно, последното прашање се однесуваше на ставот на учесниците за потеклото на хомосексуалноста, (митови) односно дали хомосексуалноста претставува болест или одредено пореметување или не. Во овој контекст, големо мнозинство од учесниците изјавиле сосгласност со ставот дека хомосексуалноста претставува форма на болест или пореметување.

*Табела / Графикон 13. Став кон хомосексуалноста, во проценти.*

**Дали мислите дека хомосексуалноста е болест или пореметување?**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | да | 596 | 58.6 | 72.9 | 72.9 |
| | не | 221 | 21.7 | 27.1 | 100.0 |
| | вкупно | 817 | 80.3 | 100.0 | |
| без одговор | не знам | 133 | 13.1 | | |
| | нема одговор | 67 | 6.6 | | |
| | вкупно | 200 | 19.7 | | |
| вкупно | | 1017 | 100.0 | | |




Со ова тврдење се согласуваат 77,6% од мажите и 68,7% од жените. И во поглед на ова прашање постарите учесници манифестираат поконзервативни ставови, односно во значително повисок процент се согласуваат со тврдењето за хомосексуалноста како болест / пореметување. Иако овој став е присутен кај значително понизок процент од младите учесници 18-29 (59,9%) општата оценка е дека е генерално висока.

Учесниците од урбаните средини, како и учесниците со повисоко образовно ниво, во понизок процент изразиле согласност со ставот дека хомосексуалноста е болест / пореметување. Сепак, иако понизок споредено со другите категории, процентот на учесници кои го прифаќаат горенаведениот став е генерално висок меѓу сите возрасни групи и на сите образовни нивоа.

## 4. Заклучок

Резултатите од истражувањето упатуваат на констатацијата дека значаен дел од учесниците во истражувањето манифестираат социјална дистанца кон лицата со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Иако навидум го препознаваат ризикот од дискриминација за овие групи граѓани, имајќи ги превид ограничените контакти, нискиот степен на одобрување на различни форми на нивно учество во општествениот живот и неприфаќањето на нивната особеност упатува на заклучокот дека хомофобичните ставови и перцепции се дел од секојдневниот дискурс. Притоа, од одговорите на учесниците може да се констатира дека не се работи за непрепознавање на релевантноста на заштитата на хомосексуалците од дискриминација – големо мнозинство од учесниците се согласиле со ставот дека е потребна забрана на дискриминаторско однесување по основ на сексуална ориентација. Ова е евидентно и во одговорите на учесниците за препознавањето на хомосексуалците и трансродовите лица во трите најзагрозени од дискриминација категории на граѓани. Ова може да се интерпретира како резултат на афирмативната пристрасност на учесниците, односно нивната тенденција да даваат одговори кои сметаат дека се посакувани.

Од друга страна, нивните ставови во поглед на поведенијата и сферите на јавно учество на хомосексуалните лица упатуваат на постоење на силни предрасуди кон оваа група граѓани, а следствено и кон различни форми на сексуална и родова „другост“. Иако декларативно значаен дел од учесниците ги поддржуваат законските измени во делот за забрана на дискриминација по основ на сексуална ориентација, подеднакво висок процент не поддржуваат вклучување на хомосексуалците во сфери на дејствување и поведенија кои им овозможуваат да дејствуваат непречено и да се самореализираат во општеството. На овој начин, индиректно, нивните ставови поддржуваат латентна дискриминација на оваа група граѓани во општеството.

Значаен дел од учесниците манифестираат социјална дистанца во рамки на нивната секојдневна интеракција. Ова е видливо од високиот процент на учесници кои изјавиле дека не познаваат лица со хомосексуална ориентација и уште пониският процент на пријателства со хомосексуалци. Фактот што повеќе од половина од учесниците би одбиле работа или би работеле со хомосексуално лице само во исклучителни околности ја потврдува констатацијата за високиот степен на неприфаќање на хомосексуалците како познаници, пријатели или соработници, односно како интегрален дел на нашето секојдневие и функционирање во општеството.

Неодобрувањето во поглед на формите на јавно покажување  на својата ориентација кај трансродовите лица и покажување афекција меѓу хомосексуални лица (држење за раце, бакнување во јавност, облекување како припадници од друг род) наспроти држење на сексуалната ориентација во рамки на приватната сфера (слобода да се биде хомосексуалец во рамки на „своите четири ѕида“) дополнително го потврдува имплицитното неприфаќање на хомосексуалците, како група чија сексуална ориентација е надвор од општествените норми и не треба да биде јавно демонстрирана. Иако учесниците не одобруваат различни форми на насилство кон хомосексуалните лица (напади, осуда, исмејување) тие не препознаваат основа за дискриминаторно однесување во рамки на

неодобрувањето на хомосексуалните лица јавно да ја демонстрираат својата сексуална ориентација и да се занимаваат со одредени дејности (да работат како наставници, да работат со деца).

Резултатите дополнително покажаа постоење на висок степен на предрасуди кон хомосексуалноста. Имено, висок процент на учесници сè уште хомосексуалноста ја третираат како болест или одредено пореметување. Постоењето на вакви предрасуди кон хомосексуалците и трансродовите лица може директно да се поврзе и со нискиот степен на одобрување на тоа хомосексуалците да извршуваат одредени дејности, на пример да работат како наставници.

Анализата на одговорите на учесниците според неколку социо-демографски обележја покажа извесни јасни трендови по повеќе параметри, при што образовното ниво на учесниците се издвои како најзначајна детерминанта во поглед на постоењето на предрасуди и социјална дистанца од хомосексуалците и трансродовите лица. Вакви разлики беа забележани и во поглед на полот, возраста, етничката припадност и местото на живеење на учесниците. Имено, од аспект на полот, жените покажуваат релативно повисоко ниво на свесност за ранливата позиција на хомосексуалците и трансродовите лица и во повисок степен покажуваат одобрување во поглед на различните поведенија и форми на учество на хомосексуалците во општествениот живот. Тенденција на поголемо прифаќање на хомосексуалните лица беше констатирана и кај помладите групи на учесници, кои во повисок процент имаат интеракција со хомосексуални лица. По повеќе прашања, се издвоија учесниците Албанци кои негуваат поконзервативни ставови во поглед на повеќето прашања во споредба со Македонците. Анализите на податоците според местото на живеење покажаа тенденција (по сите испитувани прашања) на поголемо прифаќање и отвореност кон хомосексуалните и трансродовите лица меѓу учесниците што живеат во градовите, што може да се интерпретира како можен резултат од поголема изложеност и можност за интеракција со лица со алтернативни сексуални и родови ориентации во градовите. Во поглед на регионот на живеење не беа утврдени јасни тенденции, освен во случајот на значајно поконзервативните ставови кај учесниците од Полошкиот регион, што може да се поврзе и со повисокиот процент на учесници од рурални средини и учесници со понизок степен на образование (речиси една третина од учесниците со основно и пониско образование се од Полошкиот регион, како и една четвртина од учесниците од рурални средни).

Во овој контекст најголеми разлики во одговорите на учесниците и јасен тренд на поголема отвореност и прифаќање на хомосексуалните лица се утврди во поглед на нивото на образование. Имено, прифаќањето на лицата со различна сексуална и родова ориентација и повисокиот степен на свесност за нивната позиција во поглед на дискриминацијата, како и одобрувањето на нивното вклучување во различни аспекти од јавната сфера се зголемува правопропорционално со нивото на образование. Најконзервативните ставови се присутни кај учесниците со основно или пониско образование и истите имаат тенденција на опаѓање со секое повисоко образовно ниво. Сепак, интерпретацијата на овие резултати треба да се стави во контекст на генерално високиот степен на предрасуди и дистанца присутен кај значаен дел од учесниците. На пример, иако меѓу групата на високообразовани учесници во значително понизок процент на учесници хомосексуалноста

ја поврзуваат со болест или пореметување, повеќе од половина (56,8%) од учесниците од ова образовно ниво го поддржуваат овој став, што гледано изолирано е висок процент.

Конечно, резултатите од истражувањето генерално упатуваат на заклучокот дека социјална дистанца и предрасуди кон лицата со различна сексуална ориентација и родов иденитет се во значаен степен присутни во македонското општество. Нивното постоење индиректно може да се врзе со степенот на информираност и изложеност на граѓаните на овие животни ориентации – степенот на образование, животот во урбани средини, возраста. Овие ставови најчесто се латентно манифестирани, преку одбивањето на социјална интеракција со лица со различна сексуална ориентација од хетеросексуалната и неодобрувањето на различни форми на нивно експонирање и учество во јавниот живот.

# Анекс 1: Резултати од истражување

Табела / Графикон 1. Учесници според пол, во проценти.

**Пол**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | женски | 516 | 50.7 | 50.7 | 50.7 |
| | машки | 501 | 49.3 | 49.3 | 100.0 |
| | вкупно | 1017 | 100.0 | 100.0 | |



Табела / Графикон 2. Учесници според возраст, во проценти.

**Возраст**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | 18-29 год. | 250 | 24.6 | 24.6 | 24.6 |
| | 30-44 год. | 283 | 27.8 | 27.8 | 52.4 |
| | 45-59 год. | 247 | 24.3 | 24.3 | 76.7 |
| | 60+ год. | 237 | 23.3 | 23.3 | 100.0 |
| | вкупно | 1017 | 100.0 | 100.0 | |



Табела / Графикон 3. Учесници според населено место, во проценти.

**Населено место**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | град | 676 | 66.5 | 66.5 | 66.5 |
| | село | 341 | 33.5 | 33.5 | 100.0 |
| | вкупно | 1017 | 100.0 | 100.0 | |



Табела / Графикон 4. Учесници според регион, во проценти.

**Регион**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | Вардарски | 79 | 7.8 | 7.8 | 7.8 |
| | Источен | 87 | 8.6 | 8.6 | 16.3 |
| | Југозападен | 112 | 11.0 | 11.0 | 27.3 |
| | Југоисточен | 89 | 8.8 | 8.8 | 36.1 |
| | Пелагониски | 111 | 10.9 | 10.9 | 47.0 |
| | Полошки | 145 | 14.3 | 14.3 | 61.3 |
| | Североисточен | 90 | 8.8 | 8.8 | 70.1 |
| | Скопски | 304 | 29.9 | 29.9 | 100.0 |
| | вкупно | 1017 | 100.0 | 100.0 | |



Табела / Графикон 5. Учесници според етничка припадност, во проценти.

**Етничка припадност**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | македонска | 722 | 71.0 | 71.0 | 71.0 |
| | албанска | 224 | 22.0 | 22.0 | 93.0 |
| | турска | 18 | 1.8 | 1.8 | 94.8 |
| | ромска | 23 | 2.3 | 2.3 | 97.1 |
| | друга | 30 | 2.9 | 2.9 | 100.0 |
| | вкупно | 1017 | 100.0 | 100.0 | |



Табела / Графикон 6. Учесници според ниво на образование, во проценти.

**Образование**

| | | фреквенција | процент | валиден процент | кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| валиден | основно или помалку | 194 | 19.1 | 19.1 | 19.1 |
| | средно | 556 | 54.7 | 54.7 | 73.7 |
| | високо | 267 | 26.3 | 26.3 | 100.0 |
| | вкупно | 1017 | 100.0 | 100.0 | |



Табела / Графикон 7. Перцепција за почитување на човековите права, според пол, во проценти.

**На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? * Пол кростабулација**

% во рамки на Пол

| | Пол | | вкупно |
|---|---|---|---|
| | женски | машки | |
| воопшто не се почитуваат | 19.6% | 25.8% | 22.6% |
| не се почитуваат | 15.5% | 17.7% | 16.6% |
| сосема малку се почитуваат | 44.6% | 39.0% | 41.9% |
| генерално се почитуваат | 18.4% | 13.3% | 15.9% |
| целосно се почитуваат | 2.0% | 4.2% | 3.1% |
| вкупно | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 8. Перцепција за почитување на човековите права, според возраст, во проценти.

**На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? * Возраст кростабулација**

% во рамки на Возраст

| | | Возраст | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-29 год. | 30-44 год. | 45-59 год. | 60+ год. | |
| На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? | воопшто не се почитуваат | 15.6% | 24.5% | 28.5% | 21.8% | 22.6% |
| | не се почитуваат | 16.8% | 13.8% | 17.4% | 18.8% | 16.6% |
| | сосема малку се почитуваат | 46.4% | 44.7% | 35.5% | 40.2% | 41.9% |
| | генерално се почитуваат | 17.6% | 14.5% | 14.9% | 16.7% | 15.9% |
| | целосно се почитуваат | 3.6% | 2.5% | 3.7% | 2.6% | 3.1% |
| вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 9. Перцепција за почитување на човековите права, според населено место, во проценти.

**На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? * Населено место кростабулација**

% во рамки на Населено место

| | | Населено место | | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | град | село | |
| На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? | воопшто не се почитуваат | 19.6% | 28.6% | 22.6% |
| | не се почитуваат | 16.4% | 17.0% | 16.6% |
| | сосема малку се почитуваат | 43.8% | 38.1% | 41.9% |
| | генерално се почитуваат | 16.5% | 14.6% | 15.9% |
| | целосно се почитуваат | 3.7% | 1.8% | 3.1% |
| вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 10. Перцепција за почитување на човековите права, според регион, во проценти.

**На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? * Регион кростабулација**

| | Регион | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | вкупно |
| воопшто не се почитуваат | 24.7% | 27.9% | 25.7% | 23.9% | 20.0% | 36.1% | 26.7% | 12.5% | 22.6% |
| не се почитуваат | 18.2% | 15.1% | 19.3% | 13.6% | 20.9% | 16.7% | 14.4% | 15.5% | 16.6% |
| сосема малку се почитуваат | 42.9% | 33.7% | 42.2% | 45.5% | 40.9% | 36.8% | 36.7% | 47.0% | 41.9% |
| генерално се почитуваат | 10.4% | 19.8% | 10.1% | 13.6% | 14.5% | 9.0% | 15.6% | 22.7% | 15.9% |
| целосно се почитуваат | 3.9% | 3.5% | 2.8% | 3.4% | 3.6% | 1.4% | 6.7% | 2.3% | 3.1% |
| вкупно | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 11. Перцепција за почитување на човековите права, според етничка припадност, во проценти.

**На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? * Етничка припадност кростабулација**

| | Етничка припадност | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | македонска | албанска | турска | ромска | друга | |
| воопшто не се почитуваат | 20.4% | 30.0% | 27.8% | 26.1% | 16.7% | 22.6% |
| не се почитуваат | 15.3% | 20.5% | 11.1% | 21.7% | 16.7% | 16.6% |
| сосема малку се почитуваат | 43.7% | 40.0% | 27.8% | 13.0% | 43.3% | 41.9% |
| генерално се почитуваат | 17.4% | 8.6% | 11.1% | 30.4% | 23.3% | 15.9% |
| целосно се почитуваат | 3.2% | .9% | 22.2% | 8.7% | | 3.1% |
| вкупно | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 12. Перцепција за почитување на човековите права, според ниво на образование, во проценти.

**На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? * Образование кростабулација**

% во рамки на Образование

| | | Образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | основно или помалку | средно | високо | вкупно |
| На скала од 1-5 колку сметате дека во Македонија се почитуваат човековите права? | воопшто не се почитуваат | 36.0% | 23.4% | 11.6% | 22.6% |
| | не се почитуваат | 16.9% | 17.8% | 13.9% | 16.6% |
| | сосема малку се почитуваат | 34.4% | 41.1% | 48.7% | 41.9% |
| | генерално се почитуваат | 10.6% | 14.1% | 23.2% | 15.9% |
| | целосно се почитуваат | 2.1% | 3.6% | 2.6% | 3.1% |
| вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 13. Доверба во работата на судовите во поглед на заштита на човековите права, според пол, во проценти.

**На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? * Пол кростабулација**

% во рамки на Пол

| | | Пол | | |
|---|---|---|---|---|
| | | женски | машки | вкупно |
| На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? | немам воопшто доверба | 30.6% | 37.4% | 34.0% |
| | немам доверба | 26.5% | 26.6% | 26.6% |
| | имам сосема малку доверба | 30.6% | 26.6% | 28.7% |
| | имам доверба | 11.3% | 6.1% | 8.7% |
| | имам целосна доверба | 1.0% | 3.3% | 2.1% |
| вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 14. Доверба во работата на судовите во поглед на заштита на човековите права, според возраст, во проценти.

**На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? * Возраст кростабулација**

| | | Возраст | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-29 год. | 30-44 год. | 45-59 год. | 60+ год. | |
| На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? | немам воопшто доверба | 24.8% | 37.5% | 38.2% | 35.1% | 34.0% |
| | немам доверба | 26.4% | 23.6% | 27.4% | 29.4% | 26.6% |
| | имам сосема малку доверба | 33.3% | 28.2% | 25.3% | 27.7% | 28.7% |
| | имам доверба | 13.0% | 9.3% | 6.2% | 6.1% | 8.7% |
| | имам целосна доверба | 2.4% | 1.4% | 2.9% | 1.7% | 2.1% |
| вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 15. Доверба во работата на судовите во поглед на заштита на човековите права, според населено место, во проценти.

**На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? * Населено место кростабулација**

% во рамки на Населено место

| | | Населено место | | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | град | село | |
| На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? | немам воопшто доверба | 31.8% | 38.4% | 34.0% |
| | немам доверба | 28.1% | 23.5% | 26.6% |
| | имам сосема малку доверба | 28.7% | 28.7% | 28.7% |
| | имам доверба | 9.4% | 7.3% | 8.7% |
| | имам целосна доверба | 2.1% | 2.1% | 2.1% |
| вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 16. Доверба во работата на судовите во поглед на заштита на човековите права, според регион, во проценти.

**На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? * Регион кростабулација**

| | Регион | | | | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | |
| немам воопшто доверба | 35.1% | 43.5% | 39.3% | 35.6% | 31.2% | 35.3% | 39.3% | 27.4% | 34.0% |
| немам доверба | 33.8% | 14.1% | 25.9% | 24.1% | 20.2% | 30.2% | 22.5% | 31.0% | 26.6% |
| имам сосема малку доверба | 25.7% | 25.9% | 27.7% | 26.4% | 36.7% | 27.3% | 23.6% | 30.4% | 28.7% |
| имам доверба | 5.4% | 14.1% | 4.5% | 11.5% | 11.0% | 5.8% | 9.0% | 9.2% | 8.7% |
| имам целосна доверба | | 2.4% | 2.7% | 2.3% | .9% | 1.4% | 5.6% | 2.0% | 2.1% |
| вкупно | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Табела / Графикон 17. Доверба во работата на судовите во поглед на заштита на човековите права, според етничка припадност, во проценти.

**На скала од 1-5 колку доверба имате дека судовите во Македонија ги штитат човековите права? * Етничка припадност кростабулација**

% во рамки на Етничка припадност

| | | Етничка припадност | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | македонска | албанска | турска | ромска | друга | |
